ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 29.01.2018 година во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалник Борјанчо Мицевски, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски, Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Добривој Николовски – заменуван од Иван Велиновски – Советник за урбанистичко планирање, Раководител на Одделение за финансиски прашања Драгица Митровска, Раководител на Одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Раководител на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски, Раководител на Одделение за правни и општи работи Јаготка Николовска, Виш соработник за постапки за јавни набавки и работи на совет Биљана Тасевска, Советник за правни работи и застапување Мартин Николовски, Директор на ЈП Комуналец Миле Марковски и Директор на ЛУ Градски Музеј Драган Величковски.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

### Задолженија од Градоначалникот до Раководителите на Одделенија:

**<u>Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура</u>**

Подготовка на проектна апликација за Проектот „Спојување на десен со лев колектор до пречистителна станица“.

Во врска со пријавени одрони на улица Калин Камен (над Гимназија – кај Ага) да се изврши увид и да се интервенира со цел нивно отстранување и санација.

Да се избере фирма која што ќе биде ангажирана за одржување на патишта.

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Дефинирање на опфатот на улици заради правилно нумерирање на куќите, но и заради разграничување на опфатите на облиците на месна самоуправа.

Постапување по барање од група на граѓани за поставување на лежечки полицајци кај м.в.„Кантина“, кај трафостаницата на влезот во „Треска“ и пред ресторан „Аквариум“, а преку изменување на сообраќајниот проект и отстранување на тешки товарни возила паркирани на проширувањето кај „Карпошка кривина“ кои ја загрозуваат безбедноста во сообраќајот.

Допис до Министерство за транспорт и врски со барање за продолжување на рокот за изработување на општи акти.

Добивање, односно продолжување на важноста на овластувањата добиени од Комората на архитекти и инженери и плаќање по пресметка за истите.

Отпочнување на постапка за набавка на компјутери/таблети за Советниците, кои ќе бидат поставени во Салата на советот на Општина Крива Паланка и истата да биде спроведена и завршена до завршување на градежните работи во Салата (крај на Април 2018 година) – (во соработка со Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија).

**Одделение за човечки ресурси**

Да се направи усогласување на Правилникот за систематизација на работни места со новите законски изменувања и дополнувања, а најдоцна до 26.04.2018 година.

Да се изготви План за вработување, негово усвојување и добивање согласност од МИОА, најдоцна до 31.03.2018 година.

**Одделение за правни и општи работи**

Да се подготви допис до надлежното министерство за отстранување на печатени материјали од ходниците во зградата на Општината, кои материјали припаѓаат, а не се користат од подрачните единици на Министерства и други органи на државната управа.

Набавка и поставување на знамиња на Р.Македонија, Општина Крива Паланка и ЕУ на јарболите пред самата Општина.

Набавка на знамиња на секоја држава со која што Општина Крива Паланка има воспоставено своевидна соработка.

Барање до СЕКЈУРИКОМ во врска со одржувањето на хигиената во ходниците на општинската зграда во период до 10.02.2018 година.

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Изготвување на пресметка согласно проектната апликација за проширување и адаптација на просториите во детската градинка Детелинка (кај Житни магацин) за зголемен опфат на деца (согласно со дописот од МТСП).

Дефинирање на програма, покана, плакат и флаери во врска со традиционалното чествување на Св.Теодор Тирон, со краен рок за прв пресек на активностите до 10.02.2018 година.

Да се подготви и објави терк на апликација и јавен повик со критериуми за доделување на финансиски средства на граѓански здруженија и фондации.

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

Изготвување на список на локации за поставување на контејнери – (во соработка со Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина).

Набавка на знаци – Забрането паркирање и поставување на локации на кои согласно со сообраќајниот елеборат не смеат да се паркираат ПМВ (забраната да не важи само за станарите од зградите пред кои се ограничува паркирањето) - (во соработка со Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина).

Подготовка на проектна апликација за Проектот „Спојување на десен со лев колектор до пречистителна станица".

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Да се пристапи кон неодложно и итно метење и расчистување на улиците од абразивни материјали и ризла.

Да се пристапи кон обезбедување на слободно растојание до контејнерите за отпад и забрана за паркирање во нивна непосредна близина, а заради непречено собирање на отпадот.

Потреба од сечење на асфалтот на ул.Гоце Делчев, заради местење на подземни цевки.

**<u>ЛУ Градски Музеј</u>**

Подготовка и печатење на плакати, флаери и покани и други активности во врска со организирање на настан - чествување на Св.Теодор Тирон.

Изготвување и испраќање на допис со потребни податоци до турскиот институт „Јунуз Емре".

Ангажирање на 2 (две) лица во ЛУ Градски Музеј.

**Изготвил:**
**Мартин Николовски – Советник за правни работи и застапување**
**29.01.2018 година, Крива Паланка**